# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2024

ЗЕЛС

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Почитувани,

Активностите на ЗЕЛС во 2024 година се реализираа во согласност со Акцискиот план и се одвиваа во насока на исполнување на стратегиските цели: лобирање пред централната власт, јакнење на капацитетите на општинската администрација и поддршка на општините за непречено спроведување на електронските услуги. Во текот на оваа година беа одржани четири седници на Управниот одбор на ЗЕЛС и две седници на Генералното собрание. По парламентарните избори, што беа организирани оваа година во нашата земја, заедно со претседателските, четири делегати на Генералното собрание од редовите на Комитетот на советите заминаа на нови функции, па на нивно место беа избрани нови претставници од општинските совети. Во согласност со засилените активности во областа на животната средина и комуналните дејности, како и во социјалната заштита, беа формирани две комисии од овие области, составени од градоначалници. Во 2024 година, соработката на ЗЕЛС со централната власт беше издигната на повисоко ниво. Беше потпишан нов Меморандум за соработка на Владата на РСМ со ЗЕЛС, по оној од 2003 година, што укажува на изразена волја од двете страни за партнерски дијалог во насока на продлабочување на децентрализацијата на власта и развој на локалната самоуправа. Беше обезбедена и финансиска поддршка во висина од 100 милиони евра, за инфраструктурни проекти за општините, а најавени се и нови грантови за 2025 година. Со измени на Законот за градење, постигнат е успех во однос на барањето на поедноставување на постапката за експропријација при изградба на објекти од јавен интерес. Исто така, прифатено е и барањето на ЗЕЛС поврзано со прашањето за регулирање, конфискација и реупотреба на бесправно изградени објекти, кое доби правна основа. Иницијативата на ЗЕЛС за измени во Законот за локална самоуправа, во однос на обезбедувањето можности за повикување на одговорност на градоначалникот, во рамките на неговиот тековен мандат, доби поширока димензија при што се отвори дебата и за дополнителни измени во овој Закон. Централната власт ѝ даде поддршка и на иницијативата на ЗЕЛС за воведување на општинска комунална полиција, за што Заедницата има изработено и Предлог-закон кој е доставен до надлежните министерства. Започнати се активности во повеќе општини за оптимизација на училишната мрежа, кои се тесно поврзани со воведување на новата предлог-формула за блок дотации во основното образование. Интензивно се разговара и за промени во финансирањето на противпожарната заштита, каде направената анализа на ЗЕЛС покажа дека за нејзино одржување, општините трошат многу средства од сопствениот буџет. Недоволно средства од блок дотациите се добиваат и во спроведувањето на надлежностите од културата и за градинките, за што заложбите на ЗЕЛС се да се утврдат нови методологии за распределба на средствата. Од посебна важност е посветеноста на ЗЕЛС кон продлабочување на децентрализацијата во однос на социјалната заштита. Во оваа област ЗЕЛС започна со изработка на анализа за префрлање на центри за социјална заштита под локална власт и воведување на нови социјални услуги за граѓаните. Овие и другите ставови на ЗЕЛС за унапредување на процесот на децентрализација и обезбедување на поголема финансиска стабилност на општините, се утврдени и во најважниот документ, Систематизирани ставови на ЗЕЛС, кој и оваа година беше ревидиран од општините и доставен до Владата на РСМ.

Соработката на ЗЕЛС со бројните домашни и странски институции продолжи и во 2024 година. Со поддршка од повеќе регионални проекти, во кои се вклучи ЗЕЛС, од областа на животната средина, комуналните дејности, социјалната заштита, родовата еднаквост, граѓанското учество и слично, беше обезбедено јакнење на капацитетите на општинската администрација, но и на општинските советници. ЗЕЛС поддржа дел од дебатите за реформи во администрацијата, на кои учествуваа претставници од општинската администрација, каде што беа изнесени ставовите на ЗЕЛС.

Во однос на поддршката што ЗЕЛС им ја обезбедува на општините за електронските услуги, Генералното собрание изгласа посебен надомест, како обврска, заради нивно тековно одржување, надградување, нивна стабилност, безбедност и чување на податоците во електронски облик. Овој потег беше резултат на нередовноста на општините во исплаќањето на членарината кон ЗЕЛС, за што повеќепати во изминатиот период беше апелирано од Управниот одбор на ЗЕЛС. Оваа година ЗЕЛС се соочи и со иницијативите на две општини за излегување од членството во Заедницата, што беше надминато со успешна медијација во разрешувањето на посочените предизвици од страна на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски. За сите овие заложби и активности на ЗЕЛС подетално ќе прочитате на следните страници од овој Годишен извештај на ЗЕЛС за 2024 година.

Душица Перишиќ,

извршен директор на ЗЕЛС



# 1 ЗА ЗЕЛС

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Основана е во 1972 година.

За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС се утврдени следниве органи:

- **Генерално собрание**, составено од 90 делегати
- **Управен одбор**, составен од 22 члена
- **Надзорен одбор**, составен од 6 члена и
- **Комитет на советите**, составен од 9 члена.

ЗЕЛС ги застапува интересите на сите локални власти од земјава пред централната - власт. Лобирањето претставува најважната активност на ЗЕЛС за унапредување на развојот на локалната самоуправа, преземање нови надлежности, како и обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС. Претставниците на ЗЕЛС остваруваат средби со претставници на Владата на РСМ, а преку постојната парламентарна Комисија за локална самоуправа во Собранието на РСМ, ЗЕЛС соработува и со народните пратеници од законодавниот дом. Во согласност со своите стратегиски цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи и за зајакнување на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), а преку ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) во името на сите општини, го врши одржувањето, како и непреченото користење на информациските системи.

**Стратегиските цели на ЗЕЛС се:**

1. ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ
2. УСЛУГИ
3. ГРАДЕЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ЕЛС

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: Советот на европски општини и региони (CEMR); Мрежата на национални асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (NALAS) и на Асоцијацијата на агенции за локална демократија (ALDA). ЗЕЛС ја има улогата на Секретаријат на делегатите од РСМ во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа и во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.



# 2 АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ЗЕЛС

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

*Во текот на 2024 година беа одржани две седници на Генералното собрание на ЗЕЛС. Според Статутот на ЗЕЛС, делегати на ова тело се сите градоначалници и деветте членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС.*

### ШЕСТА СЕДНИЦА на Генералното собрание на ЗЕЛС *(12 јуни 2024 година, Скопје)*

На седницата беше поканет мандатарот за состав на новата Влада на РСМ, Христијан Мицкоски, кој во своето обраќање нагласи дека важен приоритет на идната извршна власт ќе биде унапредувањето на локалната самоуправа. Беше најавено дека по ребалансот на буџетот ќе биде објавен повик за општините да аплицираат за финансиска поддршка за реализирање на инфраструктурни проекти и дека таква поддршка се планира и за следната година.

Во редовното обраќање пред делегатите, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, изрази надеж за добра соработка со новата Влада на РСМ и решавање на бројните предизвици поврзани со финансирањето на општините, особено на противпожарната заштита, но и оние што произлегуваат од спроведувањето на прописите за кои не се пропишани изворни средства за нивно тековно финансирање, како што е примерот со бездомните кучиња. Затоа беше нагласено дека, веднаш по формирањето на новата Влада ќе бидат испратени Систематизираните ставови на ЗЕЛС, во кои меѓу другото е нагласено барањето за обезбедување на најмалку 10 % од приходите од ДДВ и 50 % од персоналниот данок, во полза на општините. Делегатите беа информирани и за досегашното работење на Управниот одбор на ЗЕЛС и на другите тела и комисии, за активностите на ЗЕЛС во јакнење на капацитетите на општинската администрација, за поддршката на општините за електронските системи, соработката со меѓународни и домашни организации и друго. Ѓорѓиевски апелираше до градоначалниците веднаш да започнат со подготовка на проектната документација за претстојниот повик за грантовите за инфраструктурни проекти.

Делегатите ги усвоија: Финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС во 2023 година и Наративниот извештај за работата на ЗЕЛС за 2023 година. Утврден е долг на општините кон ЗЕЛС поради неплатена членарина во висина од околу 35 милиони денари, што е сериозен предизвик за натамошното работење на Заедницата. Беше нагласено дека ЗЕЛС троши речиси 10 милиони денари за одржување на информациските системи за одобрение за градење и за градежно земјиште, што ги обезбедува бесплатно за сите општини и за државните органи, односно за тоа користи поголем дел од членарината.

Присутните беа запознаени и со приходите остварени од проектите што ги реализира ЗЕЛС со поддршка на Германското друштво за интернационална соработка (GIZ) и УНДП, што е незначителен дел од изворниот приход на ЗЕЛС, членарината.












## СЕДМА СЕДНИЦА на Генералното собрание на ЗЕЛС *(12 декември 2024 година, Скопје)*

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, во редовното обраќање пред делегатите, повеќе се задржа на идните заложби и правци на дејствување на ЗЕЛС за развој на децентрализацијата на власта и унапредување на локалната самоуправа. Беше нагласено дека ЗЕЛС цврсто ќе стои на ставот за секоја префрлена надлежност да бидат обезбедени и соодветни финансиски средства од централната власт и дека ќе се залага за обезбедување на поголема финансиска стабилност на општините. Ги посочи предизвиците во противпожарната заштита, состојбите со кучињата бездомници, потребата за воведување на општинска комунална полиција, изработката и имплементацијата на плановите за оптимизација на училишната мрежа, а ја нагласи и важноста на единството во ЗЕЛС.




Генералното собрание ги усвои Буџетот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 година. За следната година е планирана изработка на нов Стратегиски план на ЗЕЛС за 2026-2030 година. Повторно беше потенцирано дека голем број општини не ја плаќаат редовно членарината за ЗЕЛС, ниту ги почитуваат договорите за отплата на долгот на рати. Во таа насока, Генералното собрание ја изгласа иницијативата на Управниот одбор на ЗЕЛС, членките на ЗЕЛС да плаќаат посебен надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС.

Генералното собрание го прифати предлогот за реизбор на нови членови во Комитетот на советите при ЗЕЛС, поради заминувањето на четири досегашни члена на нови функции, по спроведените парламентарни избори. Беа избрани новите претседатели на советите од истите општини: од Општина Велес – Даниел Јаневски; од Општина Охрид – Перчо Божиновски; од Општина Кисела Вода – Светлана Колариќ и од Општина Тетово – Наим Исмаили.





## УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

*Управниот одбор на ЗЕЛС (УО) има 22 члена, чиј мандат е во траење од 4 години. Членовите се градоначалници и тројца советници кои се избираат од редот на членовите на Комитетот на советите, од кои само еден е со право на глас. Претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС може да присуствува на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, без право на глас. Во текот на 2024 година, Управниот одбор одржа четири седници.*

### ДВАЕСЕТТА СЕДНИЦА на Управниот одбор на ЗЕЛС *(15 февруари 2024 година, Општина Кисела Вода)*



Управниот одбор донесе заклучок ЗЕЛС да поднесе барање до пратеничките групи и до Министерството за транспорт и врски за дополнителни консултации со цел изнаоѓање начин за надминување на предизвикот со кој се соочуваат општините кои се во завршната фаза од донесувањето урбанистички планови. Имено, доколку не успеат комплетно да ги завршат постапките во утврдениот рок од преодните одредби од Законот за урбанистичко планирање, тие се обврзани да започнат комплетно нова постапка за донесување на истите планови. ЗЕЛС претходно поднесе иницијатива рокот за донесување на плановите по постапки започнати по стариот Закон, да се зголеми од 4 на 8 години. Поради поднесените бројни амандмани на предлозите за законски измени, постои опасност измената да не биде навремено донесена, со што општините ќе бидат изложени на нови финансиски трошоци.

Управниот одбор донесе заклучок да се спроведе процес на консултација на сите општини со секторите за урбанизам и на средбата во Општина Радовиш да се усогласи единствен став што ќе биде доставен до Министерството за транспорт и врски во форма на иницијатива за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, во делот за дооформување на парцела. Ова е реакција на УО по доставениот прашалник од Министерството за транспорт и врски до неколку општини во насока на утврдување на нивното мислење колкав би требало да биде процентот на сопственост на барателот за дооформување на урбанистичката парцела. ЗЕЛС, по прифатениот предлог на Општина Центар, минатата година имаше доставено иницијатива до МТВ со која се иницира при дооформување на парцелата, барателот да има во своја сопственост најмалку 70 % од градежната парцела, наместо актуелните 30 % сопственост, утврдени во Законот.

Управниот одбор донесе заклучок ЗЕЛС да се обрати до ЈПДП и до Владата со барање да обезбедат ретроактивна исплата на средствата на општините наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици, бидејќи според доставениот извештај на Државниот завод за ревизија, по извршениот увид во деловните книги на ЈПДП, за периодот 2017 – 2023 година, не било постапувано согласно со законските

одредби за распределба на остварените приходи од патна такса. За периодот од 2017 до 2023 година, секоја година се распределувало фиксно по 300.000 илјади денари за општините, што е значително помалку од законски определениот износ. Исто така, ЗЕЛС да се обрати до ЈПДП да ги достави сите податоци во однос на распределбата на средствата по општини за да може да изврши анализа колку средства на која општина ѝ се ускратени.

Управниот одбор донесе одлука за формирање комисија која врз основа на утврдените критериуми, на следната седница ќе му предложи на УО, на кои две општини ќе им бидат подарени две користени возила на ЗЕЛС.

Управниот одбор донесе заклучок ЗЕЛС да изврши детална консултација, со општините, Агенцијата за храна и ветеринарство и граѓанските здруженија за заштита на животните, заради утврдување на усогласен предлог за изменување и дополнување на прописите за третман на бездомните кучиња и решавањето на ова прашање да се издигне на национално ниво, со донесување на стратегија за справување со уличните кучиња.

Управниот одбор предложи општините да имаат право на надомест од најмалку 2 % од паричната противвредност на произведена електрична енергија од алтернативни извори на енергија, поставени на нивна територија. Причина е зачестеното и обемно поставување на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија, на парцели во општините, кои се изградени и по субвенциониран износ на надомест за уредување на градежно земјиште, а општината од нив нема никаков приход. Беше предложено оваа методологија да се применува и при искористувањето на водите и сечата на шумите, заради што, на следната седница, Управниот одбор ќе расправа по изготвена предлог-иницијатива.

Управниот одбор го разгледа барањето на ЈП „Водовод и канализација", Скопје и заклучи дека ЗЕЛС нема доволен административно-технички капацитет да ги опслужи јавните претпријатија и установи основани од општините за користење на софтверската апликација „е-ствари", преку која општините ги спроведуваат постапките на продажба и давање под закуп на движни и недвижни ствари во нивна сопственост.



## ДВАЕСЕТ И ПРВА СЕДНИЦА на Управниот одбор на ЗЕЛС *(31 мај 2024 година, Општина Центар)*

Управниот одбор даде позитивно мислење за Предлог-финансискиот и за Наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година, со предлог да бидат усвоени од Генералното собрание на ЗЕЛС на следната, шеста седница, што ја закажа за 12 јуни во Скопје.

Управниот одбор донесе одлуки за формирање на две комисии: Комисија за животна средина и комунални дејности, со оглед на зголемениот фокус и вклученоста на ЗЕЛС во повеќе проекти од оваа област и Комисија за социјална заштита и социјална инклузија, со цел лобирање за префрлање на овие надлежности на локално ниво.

Управниот одбор донесе одлука Општина Радовиш да им биде домаќин на претставниците од украинската општина, во рамките на проектот „Нов бран на соработка", имплементиран во програмата



U-LEAD со Европа. Проектот се однесува на воспоставување на партнерство и соработка по принцип на солидарност и пренесување на искуствата во развојот на локалната самоуправа.

Како подготовка за лобирање на ЗЕЛС, во пресрет на формирањето на новата Влада на РСМ, беше изразена потреба за ревидирање на Систематизираните ставови на ЗЕЛС. Управниот одбор донесе заклучок овој документ ЗЕЛС повторно да го достави до сите општини за евентуално дополнувања и потоа да го испрати до Владата.

Управниот Одбор донесе заклучок за отворање на широка дебата со сите засегнати страни за утврдување на усогласен предлог за изменување и дополнување на прописите со кои би се надминале констатираните лоши состојби со третманот на бездомните кучиња. Беше посочено дека до ЗЕЛС не е испратен Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, што се наоѓа во собраниска постапка. Во дискусијата беа изнесени искуства со веќе воспоставените регионални стационари за третман и згрижување на кучињата, како и потребата за утврдување на извори за финансирање на овие активности на општините и регулирање на прашањата за плаќање на надомест од каснување од бездомни кучиња, како и за друга штета предизвикана од нив.














**ДВАЕСЕТ И ВТОРА СЕДНИЦА на Управниот одбор на ЗЕЛС** *(10 септември 2024 година, Општина Кавадарци)*



Управниот одбор го прифати предлогот од Комисијата за утврдување на донацијата на двете користени возила на ЗЕЛС, која врз основа на утврдените критериуми ги избрала општините Центар Жупа и Зрновци.

Управниот одбор повторно го избра градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, за член, а градоначалникот на Општина Валандово, и потпретседател на ЗЕЛС, Перо Костадинов, го избра за негов заменик во организацијата ARLEM (медитеранска организација која ги обединува општините и регионите од земјите од Северна Африка, Јужна Европа, Блискиот Исток, а е под покровителство на Европската Унија).

Управниот одбор ги усвои иницијативите: на Општина Центар – за изменување и дополнување на Законот за комунална дејност и на Општина Аеродром – за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота и ја задолжи ЗЕЛС да ги достави до ресорните министерства. Првата е во однос на изрекувањето казни, односно прекршочни платни налози кога ќе се констатираат неправилности, односно сторени прекршоци на законските одредби. Втората е за воведување на драстични парични казни во висина од 3 до 5 илјади евра, за непрописно одлагање на кабаст и цврст отпад на места кои не се предвидени за тоа, како и мерка – конфискација на возилото со кои се врши превоз на отпадот (член 14 и 14-а) кој нелегално се одлага и се создава дива депонија.

Управниот одбор донесе заклучок за формирање на работна група која ќе изготви барање за автентично толкување на одредбите од Законот за сопственост и други стварни права, во однос на нивната примена во постапките на легализација на бесправно изградените објекти во насока на иницирање измени во Законот за легализација на бесправно изградени објекти. Причината е што поради недостаток на урбанистички планови граѓаните градат куќи на сопствено земјиште, потоа се создаваат населби кои станале дел од комуналната инфраструктура, иако се нелегални.

Управниот одбор разгледа и неколку иницијативи од општините, особено во однос на предизвиците со застарените броила за вода. Тие имаат век на траење и треба да се заменат од сопствениците на броилата, што често не се случува, така што општините не успеваат соодветно да ги наплатат трошоците. За ова прашање заедно со АДКОМ ќе се формира работна група која ќе утврди начин на решавање на овој проблем.

Управниот одбор на ЗЕЛС ја реафирмира потребата од итно решавање на прашањето со состојбата во противпожарната заштита, особено поврзана со висината на средствата и начинот на нивна пресметка за општините, како и обезбедување на потребни кадри. Заради ова, во најкраток можен рок ќе се организира средба со министерот за одбрана, по што ЗЕЛС ќе изгради јасен став за своите барања кон Владата, поврзани со ова прашање.

Управниот одбор донесе заклучок ЗЕЛС да побара заедничка средба со Владата заради отпочнување на дијалог кој се однесува на финансиската состојба на единиците на локалната самоуправа.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА СЕДНИЦА на Управниот одбор на ЗЕЛС** *(12 ноември 2024 година, Општина Велес)*



На покана од ЗЕЛС, на седницата присуствуваше министерката за образование и наука, Весна Јаневска, која информираше за тековните активности на Министерството, а особено за поддршката на новите 23 општини за изработка на планови за оптимизација на училишната мрежа, што ќе се спроведува во соработка со УНИЦЕФ (досега поддршка добиле 10 општини). Беше апелирано до општините, средствата наменети за инфраструктурни проекти на Владата, што повеќе да ги искористат за реконструкции во училиштата, а беше укажано и на утврдениот вишок на наставен кадар, најмногу поради формирање на паралелки со број на деца далеку под утврдениот законски минимум. Управниот одбор го поддржа започнатиот процес на оптимизација на училишната мрежа, но за негово соодветно спроведување беше укажано на потребата од разрешување на бројни предизвици за кои се потребни законски измени или обезбедување на дополнителна финансиска поддршка. Притоа, Управниот одбор ја претстави анализата на ЗЕЛС која укажува на голем расчекор во однос на средствата што општините ги добиваат од блок дотацијата и оние што самостојно, од својот буџет ги користат за надомест на трошоците за образование.

Беше посочена потребата за иницирање измени во Законот за јавни набавки, во насока на обезбедување законска основа општината да спроведува заедничка набавка за сите училишта од нејзината територија, и тоа: набавка на храна, на средства за осигурување на објектите, за реконструкции и слично. Се бараше да се укине обврската на општината да добива согласност од МОН за наставниот кадар и да се обезбедат можности за флексибилност во префрлање од едно во друго училиште до исполнување на максимално потребниот број на часови по наставник. При оптимизацијата на училишната мрежа, МОН задолжително да донесе план за преквалификација на наставниот кадар, законски да се утврдат роковите за спроведување на преквалификацијата и да се утврди надлежниот субјект пред кој наставниците ќе се обраќаат за да се стекнат со преквалификација и да добијат соодветен акт за стекнат статус. Со пропис да се утврди правото на формирање на заедничка служба во рамките на општината (правни, финансиски, општи работи) што би ги опслужувала сите училишта на подрачјето на една општина. Нагласен беше и предизвикот со превозот на учениците, но и со високите трошоци за струја. Од министерката беше побарано да ја поддржи иницијативата на ЗЕЛС за училиштата, кои не создаваат профит, да плаќаат струја по цена како за домаќинствата. Беше предложено да се донесе мерка за задолжително сместување во интернат на учениците што патуваат од оддалечените места. Управниот одбор го утврди Предлог-буџетот на ЗЕЛС и Предлог-акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 со предлог до Генералното собрание да ги усвои на следната седница што ја закажа за 12 декември 2024 година. Исто така, го усвои и Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 година.

Управниот одбор донесе одлука со предлог до Генералното собрание за воведување на посебен надомест за општините за





одржување, складирање и обезбедување на податоците од информациските системи со кои управува ЗЕЛС.

Управниот одбор го разгледа Предлог-меморандумот за соработка на ОБСЕ за поддршка на локалните совети за превенција, со цел подобрување на стандардот на обезбедување јавни услуги, зголемена безбедност на граѓаните, квалитет на животот и благосостојбата и утврди дека е потребно поедноставување на неговата содржина, но и во однос на потписниците на документот.

## НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

*Надзорниот одбор на ЗЕЛС во својот состав има шест члена од кои пет се градоначалници и еден е претставник од Комитетот на советите, без право на глас. Претседателот на ова тело може да присуствува на сите седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, исто така, без право на глас. Во текот на 2024 година ова тело одржа една седница.*

### ПЕТТА СЕДНИЦА на Надзорниот одбор на ЗЕЛС *(12 јуни 2024 година, Скопје)*



Членовите на ова тело ги разгледаа Наративниот и Финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС во 2023 година и дадоа позитивно мислење за нивно усвојување од Генералното собрание. Констатирана е реализација од 90 % на буџетот, а поголемиот дел од расходите се за одржувањето на електронските системи, спроведувањето на обуки за општинската администрација, за платите на вработените, за тековно одржување на објектот и друго. Предизвик и натаму е целосната наплата на членарината. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати, сè уште голем број општини не ги исплаќаат средствата редовно, па Надзорниот одбор упати апел до членките на ЗЕЛС за редовно плаќање на членарината. Доколку продолжи трендот со ниска наплата, треба да се размисли за воведување на нови мерки за подобрување на ваквата состојба.

## АКТИВНОСТИ НА КОМИСИИ И МРЕЖИ ПРИ ЗЕЛС

*Комисиите при ЗЕЛС се составени исклучиво од градоначалници и ги опфаќаат областите што се во надлежност на општините. Професионалните мрежи при ЗЕЛС се составени од претставници од администрацијата на општините. За координирање на работата на комисиите и мрежите што се од иста област, одговорни се лица од стручната служба на ЗЕЛС. Работењето на комисиите и на мрежите се одвива на седници, во просториите на ЗЕЛС или по електронски пат.*

## КОМИСИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС одржа две седници во 2024 година. На конститутивната седница, Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани, беше избран за претседател на Комисијата, а за заменик, Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци. Беа дефинирани четири приоритетни области во работењето на Комисијата: води (со акцент на водата за пиење и отпадните води); отпад; воздух (уредување на оџачарската дејност) и климатска акција, како и откривање на можности за финансирање на локалните активности во овие области. Поради отсуство на систематизиран пристап, беше нагласена потребата од утврдување на конкретни приоритети и решенија и беше предложено да се иницира средба со министерот за животна средина и просторно планирање, како и со претставници на Регулаторната комисија за енергетика, води и отпад. На втората седница се дискутираше за интервенции во: Законот за воздух, Законот за води, Законот за консумирање на вода од страна на човекот и одведување на отпадните води, Законот за комунални дејности, а беа разгледани и ставовите на АДКОМ. Комисијата даде поддршка на забелешките доставени од ЗЕЛС до Министерството за животната средина и просторно планирање, што се однесуваат на предлог-текстот на Националната стратегија за управување со отпад 2024 – 2036.

## КОМИСИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Комисијата за социјална заштита и социјална интеграција при ЗЕЛС одржа конститутивна седница на 11 јули 2024 година. Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба, беше избран за претседател на Комисијата, а за заменик, Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево. Членовите на ова тело дискутираа за неопходноста од сериозно продлабочување на децентрализацијата во областа на социјалната заштита и грижата за населението во социјален ризик. Важен приоритет е префрлањето на сегашните регионални центри за социјална работа во надлежност на општините, бидејќи сега служат само за исплаќање на социјална помош. Незадоволството од нивната работа населението го префрла на општината, од причина што поголемиот дел од нив се лоцирани во општинските згради. За членовите, неприфатливо е општината да ја нема клучната улога во целиот процес на организирање и спроведување на социјалните услуги, туку само да е финансиски поддржувач на невладините











организации и другите правни субјекти на кои МТСП им издало лиценци. Посочено е дека е потребно сите граѓани на целата територија на државата подеднакво да добиваат одредени видови социјални услуги, а не само одредени пилот општини, поддржани од странските проекти.

## МРЕЖА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ (ТППЕ)

Мрежата на територијалните противпожарни единици (ТППЕ) при ЗЕЛС одржа состанок на 24 октомври 2024 година, во просториите на ЗЕЛС, на кој освен командирите на ТППЕ присуствуваа и претставници од Независниот синдикат на пожарникари на Македонија. Присутните беа информирани за иницијативата да се формира нова работна група (во рамките на Министерството за одбрана) со членови од релевантните институции, меѓу кои и претставници од ЗЕЛС, што ќе работат на редефинирање на веќе подготвената работна верзија за нов Предлог на Законот за пожарникарство. Во рамките на ЗЕЛС е утврден документот Отворени прашања во областа на противпожарната заштита на локално ниво, каде што во 19 точки се изнесени најзначајните предизвици со кои се соочуваат ТППЕ во земјава и документот може континуирано да се надградува. Нагласени се предизвиците за прашања од работен однос на пожарникарите; нивните звања; образовниот дел и надградувањето; опременоста/неопременоста на ТППЕ; набавка и баждарење на опремата; распределбата на средства за финансирање на противпожарната заштита и други прашања што се важни за квалитетно спроведување на оваа надлежност.





## МРЕЖА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Мрежата за животна средина и комунални дејности формира четири работни групи за: вода, отпад, воздух и климатска акција. Работната група за води одржа две средби на кои акцентот беше ставен на дефинирање на чекори за да се утврдат правните недоследности и да се иницираат правни решенија за подобрување на законскиот опфат со акцент на водата за пиење и отпадните води. Беше утврдено паралелно да се воспостави координирана и интегрирана соработка меѓу општината и Јавното комунално претпријатие, преку вклучување на АДКОМ и преку подготовка на локални интегрирани планови за управување со водите во пилот општините, што беа избрани по јавниот повик објавен од ЗЕЛС: Берово, Македонски Брод, Чучер-Сандево, Арачиново, Илинден, Радовиш, Ресен, Пробиштип, Струмица, Битола, Гази Баба и Прилеп, заедно со нивните комунални претпријатија. Членовите на Работната група за води се лица со стручна експертиза и се вклучени во спроведувањето на обуките за 11-те општини. ЗЕЛС подготви прашалник за утврдување на тековните состојби во однос на водоводниот систем и на системот за отпадни води и на структурите за планирање, идентификација на релевантни индикатори и развој на активности во општините, чии резултатите од добиената анализа беа презентирани на работилницата одржана во декември.

Овие настани се дел од поширокатa иницијатива насочена кон зајакнување на капацитетите на ЗЕЛС и имплементација на локален интегриран систем за управување со водите, а финансиски поддржани од RCDN-програмата (Регионалната мрежа за развој на капацитети) финансирана од Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO) и Германското министерство за соработка и развој.



## КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

*Ова тело е утврдено во Законот за финансирање на ЕЛС. Во состав на Комисијата, мнозинството членови се од локалната власт (градоначалници), а останатите се од министерствата: за образование и наука; за култура; за труд и социјална политика; за одбрана; за финансии и за локална самоуправа. Во текот на 2024 година, Комисијата одржа една седница.*



Ова тело е утврдено во Законот за финансирање на ЕЛС. Во состав на Комисијата, мнозинството членови се од локалната власт (градоначалници), а останатите се од министерствата: за образование и наука; за култура; за труд и социјална политика; за одбрана; за финансии и за локална самоуправа. Во текот на 2024 година, Комисијата одржа една седница.

Членовите на Комисијата, на 51-та седница што се одржа во ЗЕЛС, во октомври 2024 година, ги разгледаа сите предлог-уредби за распределба на блок дотациите за општините и упатија остри забелешки заради нивното доцно презентирање, со што Комисијата е доведена пред свршен чин за нивно усвојување. Во однос на предлог-уредбите, беше нагласено дека тие не ги следат инфлациските притисоци, односно дека е неопходно нивно сериозно зголемување. Уште еднаш беше нагласено барањето општините да добијат поголема самостојност во управувањето со средствата од блок дотациите. Укажано беше и на потребата за промени во одредени административни процедури поврзани со користењето на овие средства, во однос на добивањето согласности од централната власт, особено при вработувањата во градинките, без претходно одобрение од ресорното министерство и од Министерството за финансии. Нагласена беше потребата за имплементирање на новата предлог-формула за блок дотациите во основното образование и за реформи во областа на социјалната заштита и на културата. Во согласност со Систематизираните ставови на ЗЕЛС, повторно беше нагласено барањето за одржување на навремени „буџетски преговори“ и за зголемување на средствата од ДДВ и од персоналниот доход.





# 3 ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) И ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

## ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ)

*Една од стратегиските цели на ЗЕЛС е континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација. За тоа е задолжен ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) преку кој се спроведуваат обуки, работилници, советувања и конференции во организација на ЗЕЛС. ЗЕЛС тренинг центарот се наоѓа во административната зграда на ЗЕЛС.*

Обуките најчесто се реализираат во согласност со претходно утврдена Годишна програма за обуки на ЗТЦ која е резултат на спроведените консултации со членовите на професионалните мрежи во ЗЕЛС, составени од општинската администрација и секретарите на општините. Поголем дел од обуките се реализираат во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, а дел на одредени регионални локации. Обуките најчесто се еднодневни, а во помал број беа реализирани и како дводневни. Во текот на оваа година интензивно се работеше на подготовки за соодветно модернизирање на ЗТЦ што се планира да биде реализирано во следната година.

Во 2024 година, преку ЗЕЛС тренинг центарот беа обезбедени обуки за 619 лица од општинската администрација. Поголем дел од обуките и советувањата беа посветени на јакнење на капацитетите на општинската администрација во областа на социјалната заштита, женското претприемништво, градење на политики за родова еднаквост, каде што дел беше посветен и на интегрирањето на родовата еднаквост во комуналните услуги. Подолг период ЗТЦ е вклучен и во обуките за членовите на општинските совети, како и во делот на развивање на нивната меѓусебна соработка и вмрежување. На почетокот на годината беше отворен нов циклус обуки, наменети за раководните структури од општинската администрација, за стекнување со лиценца за водење на постапки за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште. Исто така, беа реализирани и советувања во рамките на активностите за стекнување со регионалниот BFC SEE сертификат, како и во областа на животната средина и енергетската ефикасност.











german cooperation
Social Inclusion of
Disadvantaged Groups
in the Western Balkans
















BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE - BNJVL
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ЗЕЛС


















german
cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT
giz
Social Inclusion of
Disadvantaged Groups
in the Western Balkans





## ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

*ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) е административна единица преку која се овозможува забрзано реализирање на една од приоритетните стратегиски цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршка на нејзините членки на патот на создавањето на „е-општина". Оваа единица, едновремено, во името на сите општини, го врши одржувањето, како и обезбедувањето на непречено користење на информациските системи од страна на општините. Преку овие системи се зголемува ефикасноста во работењето на општините, економичноста во трошењето на општинските ресурси и се обезбедува поголема транспарентност на локалната власт.*

Преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk општините во 2024 година издадоа 3 160 одобренија за градење, а преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk имаа 70 објави за аукции. Во 2024 година во градежно земјиште е евидентирано дека имало 281 аукција и 1 633 барања за откуп по пат на непосредна спогодба. До МТВ се испратени 35 барања за интервенции за е-градежно земјиште. Вкупно интервенции во е-дозвола се 132.

**Во делот „ЗЕЛС е-услуги" се поставени следниве системи:**

1. Електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, со која сите постапки утврдени во Законот за градежно земјиште се спроведуваа исклучиво електронски, преку овој сајт;
2. Софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежното земјиште, сопственост на РСМ www.rdgz.mk;
3. Софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk;
4. Софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари;
5. Електронска платформа rob.zels.org.mk за размена на информации од преземените активности на локално ниво од областа на родовата еднаквост.










ЗА ТЕБЕ!
Државата за општините!

# 4 ПРОЕКТИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ПОТПИШАН НОВ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗЕЛС И ВЛАДАТА НА РСМ



Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и претседателот на Владата на РСМ, Христијан Мицкоски, на 13 август 2024 година, потпишаа нов Меморандум за соработка меѓу Владата на РСМ и ЗЕЛС во присуство на членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС. Меморандумот е важен документ за ЗЕЛС со кој и формално се потврдува партнерскиот однос меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ и значи продолжување на досегашната соработка, што беше воспоставена со Меморандумот потпишан уште во 2003 година. Двете страни се обврзуваат да се придржуваат кон воспоставувањето практика на одржување на редовни заеднички седници, на кои ќе се вршат консултации за прогресот на децентрализацијата и за тековните приоритетни прашања од локално значење, со што ќе се обезбеди поголема ефикасност во укажувањето на предизвиците со кои се соочуваат општините.

## ПРОЕКТ „ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО“

Активностите од проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво" што е инициран од Шведската асоцијација на локални власти (SALAR), имплементиран од SALAR International, а финансиран преку SIDA, во кој се вклучи ЗЕЛС заедно со МЖСПП, со МЛС и со други национални и регионални субјекти, продолжија и во 2024 година. Во проектот се вклучени пилот-општините: Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница, со нивните комунални претпријатија. По спроведувањето на низа обуки, овие општини, заедно со останатите општини од Југозападниот и Пелагонискиот Регион, изработија вкупно 14 локални акциски планови за управување со отпад (ЛАП). Тоа е сериозен исчекор кон промовирање на интегрираниот регионален систем за управување со отпад во земјата. Со експертска поддршка, ЗЕЛС изготви прашалник за општините, чијашто анализа ќе даде правци на развивање и примена на родовите политики за испорака на комуналните услуги. Со поддршка на ЗЕЛС, во рамките на проектот, на 2 април 2024 година, во Општина Новаци беше одржана работна средба на тема „Одржливи општински услуги во секторот отпад – предизвици и патот напред". На средбата беа презентирани резултатите од извршената проценка на капацитетите на општините да испорачаат интегрирани и инклузивни комунални услуги, плановите за развој и креирањето на форум за соработка помеѓу општините во Пелагонискиот и во Југозападниот Регион.






## ПРОЕКТОТ „ЕУ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА: ПАКТ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА“




Во рамките на проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција“ општините Вевчани и Кочани реализираа иновативни проекти за заштеда на електрична енергија. Тие се дел од вкупно 10 општини од Западен Балкан кои реализираа иницијативи за енергетика, транспорт и климатски промени. Проектот обезбеди техничка поддршка, јакнење на капацитетите, можности за вмрежување и поддршка на мали проекти во насока на развој, имплементација и мониторинг на Планот за одржлива енергија и климатска акција (SECAP). Проектот е кофинансиран од Европската Унија и од Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ), а го имплементира Германското друштво за интернационална соработка (GIZ). На промотивните настани во двете општини, организирани во октомври 2024 година, Општина Вевчани го претстави интегрираниот фотоволтаичен систем на прочистителната станица за отпадни води, а Општина Кочани воспоставениот електронски систем за паметно мерење и управување со јавното осветлување.



## „РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА ПОДОБРА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА“

Во рамките на проектот „Регионална соработка за подобра социјална инклузија“, што го спроведува ЗЕЛС во соработка со Мрежата на национални асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (NALAS), а со финансиска поддршка на Германското друштво за интернационална соработка (GIZ), се изработува „Анализа на процесот на децентрализација на центрите за социјална работа во РСМ“. За изработка на Анализата, со експертска поддршка беше подготвен прашалник кој беше доставен до општините со цел да се утврдат актуелните состојби во оваа област. Во рамките на проектот се изработува и споредбена анализа со насоки и примери од земјите од регионот за спроведување на процесот на децентрализација на социјалната заштита.

Во компонентата „Кластер за учење за размена на искуства и испорака на социјални услуги, базирани на потребите на заедницата“, што е дел од овој проект, ЗЕЛС им даде поддршка на активностите во општините што се пријавија на повикот: Арачиново; Валандово; Делчево; Кочани, Куманово, Новаци; Прилеп; Свети Николе и Тетово. Кластерот за учење вклучува: обука за услуги засновани на заедница: три настани за размена на искуства; период на концептуализација и период на примена.





## РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПРОГРАМИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

ЗЕЛС, со експертска поддршка од Канцеларијата на UN Women во Скопје, во рамките на „Менторската програма за интегрирање на родовата еднаквост во локалните програми", им даде поддршка на општините: Гостивар, Битола, Демир Хисар, Кисела Вода, Кочани, Охрид и Штип за развивање на локални програми за поттикнување на женско претприемништво. По одржаните две работилници и реализираните директни менторски посети, општините креираа концепт или програма на општината за поддршка на женското претприемништво. Учество зедоа претставниците од општинската администрација, координаторки /координаторки за еднакви можности и членови на интерсекторската работна група за родово одговорно буџетирање од општините.

## АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА BFC SEE СЕРТИФИКАЦИЈА НА ОПШТИНИТЕ

Во рамките на меѓународната програма за сертификација/ресертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe – BFC SEE), оваа година ЗЕЛС мина низ процес на реакредитација за да ја задржи улогата на технички секретаријат за нејзино спроведување во нашата земја. За стекнување со BFC SEE сертификатот, од нашата земја се пријавија општините: Кавадарци, Кисела Вода, Кочани, а за ресертификација: градот Скопје. Во Програмата за BFC SEE учествуваат општини и градови од земјите: Србија, Хрватска, Македонија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Албанија. Преку проектот за BFC SEE, ЗЕЛС е вклучена и во „Партнерство за конкурентен регион (CORE)", поддржан од Германското друштво за интернационална соработка (GIZ), во чии рамки, на 6 март 2024 година, ЗЕЛС во своите простории организираше тематска дебата „Претставување на реформски концепти од регионот на CORE партнерство", каде што беа разгледани добрите примери од Албанија, од Република Српска (Босна и Херцеговина) и од Федерација Босна и Херцеговина.









## ПРОЕКТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ - ФАЗА 2“

ЗЕЛС е партнер во спроведување на заедничките активности со УНДП во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети - фаза 2“, што е финансиски поддржан од швајцарската влада. ЗЕЛС помага во спроведување на обуките за деветте тематски работни групи; во вмрежувањето на општинските советници и дава придонес за интегрирање на принципите на еднаква родова застапеност. Проектот обезбедува поддршка и на активностите на Комитетот на советите при ЗЕЛС.



## ЗАВРШИЈА АКТИВНОСТИТЕ НА ЗЕЛС ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ПРОМЕНА НА УРБАНО-РУРАЛНИТЕ ОДНОСИ – ЛОГОВ“

Во 2024 година заврши проектот „Локална самоуправа и промена на урбано-руралните односи – ЛоГов“, каде што ЗЕЛС беше една од 10-те партнери на проектниот меѓународен Конзорциум заедно со дополнителните осум корисници на проектот. Во изминатиот период, ЗЕЛС беше домаќин на неколку докторанди (двајца докторанди од Полска, по еден докторанд од Аргентина, Италија и Германија ), а во периодот од 25 јуни до 25 јули 2024 година, беше домаќин на последниот докторанд, Вероника Скорупска, од Варшавскиот универзитет. На крајот од својот престој, таа дел од своето истражување го презентираше пред стручната служба на ЗЕЛС.






## ЗЕЛС ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

ЗЕЛС во улога на координатор за општините од нашата земја се вклучи во реализација на регионалниот проект „Промовирање на делиберативна демократија и иновативни пристапи за учество на граѓаните во Југоисточна Европа“, во чии рамки, во ноември, во Тирана, беше основана Заедница на пракса за делиберативна демократија, во која учествуваат претставници на вкупно 18 општини и шест асоцијации на единиците на локална самоуправа од земјите: Република Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија. Од нашата земја на јавниот повик се пријавија општините: Аеродром, Центар и  Македонски Брод. Целта е споделување на најдобри искуства и промовирање на механизмите за учество на граѓаните во донесување на одлуки од

локално значење, со посебен осврт на функционирањето на таканаречените „граѓански собранија“, кои веќе се организирани во голем број европски градови и општини. Заедницата е формирана како дел од проектот што е имплементиран од Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа, во партнерство со Мрежата на национални асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (NALAS), а со финансиска поддршка на Германија.

## КОНСУЛТАТИВНИ СРЕДБИ СО ДСПДП

ЗЕЛС организираше две консултативни средби на претставниците од локалните совети за превенција на детското престапништво од општините од Источниот и од Скопскиот Плански Регион со членовите на Државниот совет за превенција на детското престапништво. Првата средба се одржа на 25 јуни 2024 година, а втората на 10 декември 2024 година и двете во ЗЕЛС. Во следниот период, вакви средби се планирани и со општините од другите плански региони.



Претставниците од општините ја нагласија потребата од унифицирани формулари за изработка на програмите и на извештаите за работа на локалните совети, а од ДСПДП предложија да се иницира решение за формирање на совет за превенција на детско престапништво или општо, за превенција, и да се уреди со Законот за локална самоуправа.

## ОТВОРЕН НОВ ЦИКЛУС НА ОБУКИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ЛИЦЕНЦА ЗА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДРЖАВНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во согласност со Законот и по објавениот повик од Комисијата, ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт и врски на 21 февруари 2024 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, организираше нов циклус на почетна обука за кандидатите од општините за стекнување на овластување за водење на постапка за градежно земјиште во државна сопственост.

Дел од пријавените 65 кандидати од општините за прв пат минаа низ процесот за стекнување со лиценца, а дел, за нејзино обновување по истекот на законскиот рок од пет години, а сè со цел општината да го обезбеди потребниот број на овластени лица за спроведување на постапките, утврдени со закон. За жал, во текот на 2024 година поради немање државен испитен центар (обврска на централната власт), овие лица не можеа да го полагаат теоретскиот, а потоа и практичниот дел од испитот за стекнување на потребната лиценца.






## ЗЕЛС СЕ ПРИКЛУЧИ НА КАМПАЊАТА – 16 ДЕНА АКТИВИЗАМ

ЗЕЛС се приклучи на кампањата –16 дена активизам: #НемаОправдување: Преземете акција за ставање крај на насилството врз жените и девојчињата, и во просториите на Заедницата, на 5 декември 2024 година, организира форум – „Здружени" во ставање крај на родово базираното насилство". Форумот беше организиран со поддршка на телото на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените UN Women. Локалната, централната и законодавната власт седнаа на заедничка маса и дискутираа за можностите за подобрување на социјалните услуги и за донесување на заеднички решенија за превенција и сузбивање на родово базирано насилство. Домаќин на форумот беше претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, а на настанот се обратија и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски; пратеничката Лидија Петкоска, член на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РСМ и Изабела Павловска, претседателката на Советот на Општина Крива Паланка и член на лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС. Во дискусијата учествуваа членовите на лоби-групата, координаторите и претставниците од комисиите за еднакви можности и лицата одговорни за социјална заштита од општините.



## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ ДЕБАТИ ЗА ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на кампањата на Министерството за администрација „Сите заедно за професионална и квалитетна администрација", ЗЕЛС организираше две средби на кои општинската администрација имаше можност да ги изнесе ставовите и предлозите за подобрување на предлог-законите што треба да придонесат за добро управување и поефикасна јавна администрација: Закон за административни службеници; Закон за вработените во јавниот сектор и Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници. На средбите присуствуваа: министерот за администрација, Горан Минчев и министерот за локална самоуправа, Златко Перински.



## СРЕДБИ

**1.** Градоначалниците имаа онлајн средба со министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска, на 18 јануари 2024 година. На средбата беше најавен повикот за аплицирање за грант за креирање на дополнителни места во предучилишните установи преку адаптација на постојните објекти, кога за аплицирање беа особено охрабрени руралните општини. Средствата се обезбедени преку „Проект за подобрување на социјалните услуги" финансиран со средства од заемот на Светска банка, што го реализира МТСП. Од вкупно милион и шестотини илјади долари, еден милион и триста се предвидени за адаптирање, а триста илјади долари ќе се користат за опремување на адаптираните објекти.






**2.** Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, и потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадинов, заедно со градоначалникот на Општина Аеродром, Дејан Митевски и секретарот на општината Чаир, Фарук Невзади на 15 ноември 2024 година имаа средба со заменик-претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николоски. На средбата, во административната зграда на ЗЕЛС, се дискутираше за одредени предизвици на општините и за начинот за нивно решавање, а акцентот беше ставен и на последните измени на Законот за урбанистичко планирање и Законот за градење. Беше договорено да се формира тим од претставници од локалната и централната власт што ќе работат на прецизирање на предлог-измените на одредени одредби од Законот за експропријација, во насока да се обезбедат услови за непречена реализација на бројни инфраструктурни зафати.

## ЗАЕДНИЧКИ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ЗКК)

Во текот на 2024 година, ЗКК одржа две седници. Првата се одржа во Брисел, на која присуствуваше само копретседавачот од нашата земја, Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје, а втората седница се одржа на 30 октомври 2024 година, во Скопје. На овој состанок се обратија: претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, министерот за локална самоуправа, Златко Перински, шефот за соработка од Делегацијата на ЕУ во нашата земја, Стефан Худолин и претседателот на Комисијата за државјанство, владеење, институционални и надворешни работи при Европскиот комитет на региони (CIVEX), Патрик Молиноз. Тие говореа на првата тема, која е константна на секој од состаноците на ЗКК и е посветена на напредокот на реформите на нашата земја во процесот на пристапување кон Европската Унија. Втора тема на овој состанок на ЗКК гласеше „Дигитална транзиција, особено во локалните и регионални јавни услуги".







ГЛАСИЛО
GAZETË
Јануари - Февруари 2024
Janar / Shkurt 2024


ГОДИШЕН
ИЗВЕШТАЈ
2023
ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


ГЛАСИЛО
GAZETË
Септември 2024
Shtator 2024


ГЛАСИЛО
GAZETË
Март - Мај 2024
Mars - Maj 2024


ГЛАСИЛО
GAZETË
Октомври 2024
Tetor 2024


ГЛАСИЛО
GAZETË
Декември 2024
Dhjetor 2024
ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BNJVL
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT


ГЛАСИЛО
GAZETË
Јуни 2024
Qershor 2024


ГЛАСИЛО
GAZETË
Ноември 2024
Nëntor 2024

# 5 ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА

*ЗЕЛС редовно ги информира своите членки и јавноста за сите преземени активности, донесени одлуки, резултатите од лобирањето, спроведувањето на проекти, изработените анализи и студии, како и за реализираните обуки и работни средби. Исто така, до општините доставува и информации изработени од други институции што се поврзани со надлежностите на локалната власт. ЗЕЛС се залага за двонасочна комуникација со своите членки и црпи информации од нив за подготвување на своите активности. Во насока на обезбедување поголема транспарентност во своето работење, ЗЕЛС користи повеќе алатки, меѓу кои се:*

**Веб-локацијата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk).** Информациите се поставуваат на македонски, на албански и на англиски јазик. Се објавуваат сите документи, активности и записници од управните тела на ЗЕЛС, од активностите на мрежите при ЗЕЛС, од средбите со претставници од централната власт и од меѓународните организации, одржаните конференции, советувања, како и сите публикации што ги подготвува ЗЕЛС.

**Контакти со медиумите.** ЗЕЛС редовно доставува соопштенија до сите медиуми за сите актуелности од работењето на Заедницата, одговара на прашањата од новинарите поставени преку електронска пошта или телефонски и свикува прес-конференции на кои ги пласира ставовите на ЗЕЛС за решавање на предизвиците со кои се соочува локалната самоуправа.




**ЗЕЛС изготвува весник – „Гласило на ЗЕЛС“** и во 2024 година издаде седум изданија од кои шест беа во печатена и во електронска форма, а од декемврискиот број, па во иднина, гласилата на ЗЕЛС ќе бидат издавани само електронски. Целта е да се намалат трошоците. Целосното уредување и техничката обработка го реализираат вработените во ЗЕЛС. Гласилото се испраќа до сите општински советници, до градоначалниците, членовите на Владата на РСМ, пратениците во Собранието на РСМ и во други домашни и странски организации. Гласилото е поставено на веб-страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk.

**Годишен извештај на ЗЕЛС за 2023 година**
ЗЕЛС го публикуваше Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година, што претставува еден од начините на обезбедување поголема транспарентност во работењето на Заедницата. Во Извештајот е прикажано работењето на органите и телата на Заедницата, а преку табели се прикажани и приходите и расходите на ЗЕЛС за 2024 година, како и заклучокот од Ревизорскиот извештај за 2024 година. Извештајот е поставен на веб-страницата на ЗЕЛС: www.zels.org.mk.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС ВО 2024 ГОДИНА

## РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

### Извештај на независниот ревизор

**До основачите и Управниот Одбор на ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје (во понатамошниот текст ЗЕЛС на РСМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2024 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЗЕЛС на РСМ Скопје со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЗЕЛС на РСМ Скопје.

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Основа за мислење со резерва**

Како што е опишано во белешка 13 со состојба на 31 декември 2024 година ЗЕЛС на РСМ има евидентирано вкупно побарувања во износ од 28,235 илјади денари. Со ревизорска постапка потврдување на салда со конфирмации од надворешна страна побарано е да се конфирмираат побарувања во вкупен износ од 27,997 илјади денари, а потврдени се 10,274 илјади денари. Ние не бевме во состојба со алтернативни постапки да се стекнеме со разумно уверување за износот на побарувањата од купувачи. Вкупната грешка на ниво на побарувања е 17,723 илјади денари.

***Мислење со резерва***

Според наше мислење, освен на ефектите од прашањата наведени во пасусот „основа за мислење со резерва" финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЗЕЛС на РСМ, на ден 31 декември 2024 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

**Нагласување на прашање**

Како што е опишано во белешка 13а со состојба 31 декември 2024 година, побарувањата од купувачи изнесуваат 28,235 илјади денари (2023: 27,449 илјади денари). Во овој износ се вклучени побарувања постари од една година во вкупен износ 20,189 илјади денари (2023: 19,875 илјади денари), за кои постои неизвесност во поглед на нивната наплатливост и остварување на потенцијални приходи. За дел од овие побарувања постари од една година ЗЕЛС има потпишано спогодби за плаќање на рати со општините.

Нашето мислење не е квалификувано во однос на горенаведеното прашање.

Скопје, 04 април 2025 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ECOVIS® AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител,
Кирил Андоновски

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
|---|---|---|
| ДАТУМ | ОЗНАКА | БРОЈ |
| 04.04.2025 | Е.А | 05-4/10 |

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2024 ГОДИНА

| ПРИХОДИ СПОРЕД ИЗВОРИ | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 18,373,119.00 | 76.85 |
| Приходи од проекти | 3,701,764.00 | 15.48 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 668,159.00 | 2.79 |
| Приходи од извршени услуги | 1,164,786.00 | 4.87 |
| ВКУПНО | 23,907,828.00 | 100.00 |



## РАСХОДИ ВО 2024 ГОДИНА

| РАСХОДИ | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 49,676.00 | 0.17 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 1,121,137.00 | 3.95 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги | 637,223.00 | 2.24 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7,477,699.00 | 26.34 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 643,968.00 | 2.27 |
| Услуги за превоз | 31,920.00 | 0.11 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 95,015.00 | 0.33 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна) | 1,269,152.00 | 4.47 |
| Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила | 144,858.00 | 0.51 |
| Банкарски трошоци | 51,612.00 | 0.18 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 315,173.00 | 1.11 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација) | 715,618.00 | 2.52 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 33,014.00 | 0.12 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 14,716,149.00 | 51.83 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 461,181.00 | 1.62 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, вратени средства од проект, вонредни расходи | 628,254.00 | 2.21 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 28,391,649.00 | 100.00 |


2%
0%
2%
2%
4%
26%
52%
4%
2%
0%
0%
1%
0%
0%
3%
0%
1%
Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена)
Трошоци за енергија (струја , парно , вода)
Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги
Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки
Услуги за дизајнирање и печатење
Услуги за превоз
Трошоци за репрезентација (функционален трошок)
Трошоци за службени весници , огласи , објави
Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна)
Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила
Банкарски трошоци
Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги )
Трошоци за меѓународна соработка (членарина , котизација )
Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети)
Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени
Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема
Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, вратени средства од проект , вонредни расходи

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ЗА 2024 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2024 година | Реализирано во 2024 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 4,543,680.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 20,535,500.00 | 18,373,119.00 | 89.47 |
| Приходи од проекти | 3,680,000.00 | 3,683,813.00 | 100.10 |
| Приходи од извршени услуги | 3,410,820.00 | 1,182,737.00 | 34.68 |
| Приходи од камата, курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 250,000.00 | 668,159.00 | 267.26 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 32,420,000.00 | 23,907,828.00 | 73.74 |

| РАСХОДИ | Планирано во 2024 година | Реализирано во 2024 година | % |
|---|---|---|---|
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 300,000.00 | 49,676.00 | 16.56 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 1,200,000.00 | 1,121,137.00 | 93.43 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет | 900,000.00 | 637,223.00 | 70.80 |
| Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки | 7,100,000.00 | 7,382,199.00 | 103.97 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 800,000.00 | 643,968.00 | 80.50 |
| Услуги за превоз | 30,000.00 | 31,920.00 | 106.40 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 190,000.00 | 95,015.00 | 50.01 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна) | 1,300,000.00 | 1,269,152.00 | 97.63 |
| Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила | 200,000.00 | 144,858.00 | 72.43 |
| Банкарски трошоци | 80,000.00 | 51,612.00 | 64.52 |
| Интелектуални услуги (надоканда за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 480,000.00 | 410,673.00 | 85.56 |
| Трошоци за меѓународна соработка, трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 1,200,000.00 | 748,632.00 | 62.39 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 17,560,000.00 | 14,716,149.00 | 83.80 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 1,050,000.00 | 461,181.00 | 36.34 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проекти | 0.00 | 628,254.00 | 0.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 32,420,000.00 | 28,391,649.00 | 87.57 |

# 7 СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС

**Извршен директор**
Душица Перишиќ

- **Заменик извршен директор и раководител на одделението за односи со јавноста, обуки и услужни дејности**
  Ардита Дема-Мехмети
  - **Советник за односи со јавноста**
    Весна Арсовска-Динковска
  - **ЗЕЛС единица за поддршка на „е – општини“ (ЗЕПЕ)**
    - **Советник за информатичка технологија**
      Никола Тодоровски
      -------------------------
      **Советник за информатичка технологија**
      Карина Доневска
  - **ЗЕЛС Тренинг центар (ЗТЦ)**
    - **Советник-координатор за обуки**
      Ивана Серафимова
      ------------------------
      **Советник-координатор за обуки**
      Ирена Николов
- **Раководител на одделението за нормативно-правни, материјално-финансиски и административни работи**
  Виктор Арнаудоски
  - **ЗЕЛС правна поддршка (ЗПП)**
    - **Советник за нормативно-правни прашања**
      Наташа Вртеска
  - **Советник за материјално-финансиско работење**
    Андријана Бабушку
  - **Советник преведувач**
    Арта Абази
    ---------------------
    **Советник преведувач**
    Славе Чорбев
  - **Самостоен административно-технички референт**
    Темјана Митревска
  - **Техничко лице-хигиеничар**
    Јуца Димитриевска
  - **Техничко лице – Возач**
    Дејанчо Ташков

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2024 ГОДИНА**

**За издавачот:** Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС

**Извршен директор:**
Душица Перишиќ

**Адреса на издавачот:** ЗЕЛС, ул. „Копенхагенска“ бр. 5
ПФ 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: 02/3099033
e-mail: contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

**Уредник:**
Весна Арсовска-Динковска

**Фотографии:** од Фото архива на ЗЕЛС
**Илустрација:** 230 x 200 mm

**Лекторирал:** Валентина Великова

**Дизајн и подготовка:**
Никола Тодоровски
Карина Доневска

**Година на издавање:** април, 2025 година
**Место на издавање:** Скопје

# ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033
ул.Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk